**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | Сектор за планирање и уредување на просторот |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | Звонимир Цветановски<br>Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот |

# ПРЕДЛОГ
# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Скопје, јуни 2022 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), и член 46 став 7 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20), Советот на Град Скопје на _________ седница одржана на _________ 2022 година, донесе

# ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој деловник поблиску се уредува организацијата, бројот на членови и начинот на работа на Партиципативното тело на Град Скопје.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 2**

(1) Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање на иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

(2) Партиципативното тело има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на Градоначалникот за одобрување, како и Генералниот урбанистички план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде даден на стручна ревизија.

(3) Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност од работа на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој преку презентирање на свои мислења на Советот на Град Скопје.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 3**

(1) Партиципативното тело се состои од 15 (петнаесет) членови.

(2) Членовите на Партиципативното тело се избираат од редот на членовите

на комисијата за урбанизам на градот Скопје - 2 (два) члена, од вработените во градот Скопје - 2 (два) члена, од вработените во правното лице што го изработува урбанистичкиот план - 2 (два) члена, лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различни сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на градот што ги претставуваат различните групи на граѓани и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот - 9 (девет) члена.

(3) Членовите на Партиципативното тело од редот на комисјата за урбанизам, од вработени во градот Скопје и од вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план ги одредува Градоначалникот со решение.

(4) Останатите членови на Партиципативното тело се избираат од доброволно пријавените лица по јавен оглас објавен на веб страната на градот Скопје и во писмена форма со излагање на оглас на јавно место во траење од 30 дена и ќе бидат избрани од Комисијата за верификација, мандатни прашања, признанија, претставки и поплаки на Советот на Град Скопје.

(5) Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.

(6) Мандатот на членовите на Партиципативното тело е 4 (четири) години.

**Член 4**

(1) Активностите на Партиципативното тело ги раководи и координира Претседател а во негово отсуство Заменик-Претседател, додека за текот на одржување на седниците се грижи Секретарот.

(2) Претседателот, Заменик-Претседателот и Секретарот се избираат со јавно гласање, со мнозинство гласови од членовите на Партиципативното тело и имаат мандат од две години, со можност за реизбор.

## НАЧИН НА РАБОТА НА ПАРТИЦИПАТИВНОТО ТЕЛО

**Член 5**

(1) Партиципативното тело се состанува најмалку еднаш на два месеци, а седниците ги закажува Претседателот по пат на меѓусебен договор со членовите.

(2) Сите членови на Партиципативното тело можат да иницираат одржување на седница, заради решавање на итни проблеми со поднесување на иницијатива до Претседателот на Партиципативното тело.

(3) Седниците на Партиципативното тело се одржуваат во просториите на градот Скопје.

(4) Работата на Партиципативното тело е јавна.

**Член 6**

(1) Седницата на Партиципативното тело се одржува доколку има кворум, односно доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови.

(2) Членовите на Партиципативното тело го најавуваат своето присуство кај Претседателот кој на почетокот на Седницата го утврдува кворумот за работа.

(3) Партиципативното тело може полноправно да одлучува ако на седницата е утврден кворум а одлуките ги носи со јавно гласање „за“ или „против“. Одлуката се смета за донесена ако мнозинство од вкупниот број на присутни членови гласале ‘’за’’.

**Член 7**

(1) За текот на работата на Партиципативното тело се води записник кој ги содржи основните податоци за работата на седницата како што се: список на присутни лица, точки од дневниот ред, донесените заклучоци и одлуки и резултати од гласањето. Записникот го води Секретарот на Партиципативното тело.

(2) Записникот се доставува до членовите на Партиципативното тело заедно со поканата за наредниот состанок и се усвојува на почетокот на наредниот состанок.

(3) При усвојувањето на записникот, секој член има право да стави забелешки на истиот а за забелешките кои ќе се усвојат се прави исправка на записникот.

(4) Записникот кој е усвоен го потпишува Претседателот на Партиципативното тело.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Изменување и дополнување на овој Деловник ќе се врши на истиот начин и постапка според кои се донесува.

**Член 9**

Овој Деловник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број 07 - ____________
_________. 2022 година
Скопје

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
Трајко Славески

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Основа за донесување на Деловникот за работа на партиципативно тело на Град Скопје се Законот за локалната самоуправа и Законот за урбанистичко планирање.

Во член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 05/02) е определена надлежноста на Советот на Град Скопје да донесува акти. Во член 46 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 32/20), е определено дека начинот на работа и бројот на членови на Партиципативното тело на Град Скопје се уредуваат со Деловник.

Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 е донесен со одлука од Советот на Град Скопје, број 07-5068/1 од 03.12.2012 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/12) и е со важност до 2022 година.

Во текот на имплементацијата и спроведувањето на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022, преку изработка на Регулациските планови на генералниот урбанистички план и Деталните урбанистички планови, осознаена е потребата за преиспитување и усогласување на ГУП-от со постојната состојба во просторот, стекнатите права од предходните плански документации и иден одржлив развој на градот.

Од тие причини е отпочната постапката за изработка на нов Генерален урбанистички план кој треба да биде стратегија за идниот развој на градот. Неговата подготовка е сеопфатен, сложен и временски долг процес за што е потребно вклучување на стручни лица од повеќе институции и области.

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на изработката на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, задолжително е формирање на Партиципативно тело.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на градот Скопје, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани

што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на Советот на Град Скопје.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистичките планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Поради сето горенаведено се предлага Советот на Град Скопје да го донесе Деловникот за работа на партиципативно тело на Град Скопје.